**Известување за концентрација со која Теак Капитал Б.В. и Тангор Капитал С.А.ќе стекнат заедничка контрола над НИХ ВИ ВОВ Холдингс С.а р.л Луксембург**
**(предмет бр. 08-157/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 26.10.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **Теак Капитал Б.В. (Teak Capital B.V.)**, со регистрирано седиште на Басисвег 10, 1043АП Амстердам, Холандија (Basisweg 10, 1043AP, Amsterdam, Netherlands) и **Тангор Капитал С.А. (Tangor Capital S.A.)**, со регистрирано седиште на Руа де Цабо Верде бр. 37, 4150 159 Порто, Португалија (Rua de Cabo Verde, no. 37, 4150 159 Porto, Portugal) имаат намера да стекнат *заедничка контрола директно врз* **НИХ ВИ ВОВ Холдингс С.а р.л (NIH VI VOV Holdings S.a r.l),** со регистрирано седиште на 124, Булевар де ла Петруссе, Л-2330, Луксембург, Големото Војводство Луксембург (124, Boulevard de la Petrusse, L-2330, Luxembourg, Grand Duchy of Luxembourg) по пат на купопродажба на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**Теак Капитал Б.В.** е инвестициско друштво во индустрискиот сектор, финансискиот сектор, секторот на недвижен имот, образовниот сектор и здравствениот сектор.

**Тангор Капитал С.А.** е инвестициско друштво во индустрискиот сектор, финансискиот сектор, секторот на недвижен имот, образовниот сектор и здравствениот сектор.

**Теак Капитал Б.В.** и **Тангор Капитал С.А.** немаат зависни друштва регистрирани во Република Северна Македонија.

**НИХ ВИ ВОВ Холдингс С.а р.л** е владејачко друштво на ВР Групата. ВР Групата е индустриска групација посветена, од една страна, на производство на пресувано стакло за производство на стаклени врати за машини за перење и сушење, на садови за печење, како и производство и продажба на челични калапи за компоненти за осветлување на автомобили.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како (i) производство на пресувано стакло за индустријата и (ii) производство и продажба на челични калапи за компоненти за осветлување на автомобили. За двата географски пазари, точниот географски опсег е поширок од националниот. Во однос на пазарот на производство на пресувано стакло пазарот е глобален. Од друга страна, во однос на пазарот на производство и продажба на

челични калапи за компоненти за автомобилско осветлување, пазарот е на ниво на ЕЕЗ.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

31.10.2023 година
Скопје